| 2.9 Изработка на Стандарден формулар на податоци за Натура 2000 (Европска мрежа за заштитени подрачја) за четири подрачја | Национален парк Пелистер Споменик на природа Преспанско езеро и две подрачја во Источно плански регион | Средствата се обезбедени од тековен проект: Програма за зачувување на природата на Македонија, фаза II и тековен ЕУ Твиннинг проект:„Зајакнување на капацитетите за ефективно спроведување на европското законодавство во областа на заштитата на природата" | Национална цел 1, Активност 1.3.20 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.10 Изработка на дигитална ГИС карта за предложени потенцијални подрачја за Натура 2000 (Европска мрежа за заштитени подрачја) | Национален парк Пелистер Споменик на природа Преспанско Езеро и две подрачја во Источно Плански Регион | Средствата се обезбедени од тековен проект: Програма за зачувување на природата на Македонија, фаза II и тековен ЕУ Твиннинг проект:„Зајакнување на капацитетите за ефективно спроведување на европското законодавство во областа на заштитата на природата” | Национална цел 1, Активност 1.3.24 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| **3. ОБУКИ** | | | |
| 3.1 Обуки по различни области за Натура 2000 (Европска мрежа за заштитени подрачја) | Обука за социо-економски придобивки, управување со шуми, туризам, водите, земјоделство, здравство и др. | Средствата се обезбедени од тековен проект: Програма за зачувување на природата на Македонија, фаза II и тековен ЕУ Твиннинг проект:„Зајакнување на капацитетите за ефективно спроведување на европското законодавство во областа на заштитата на природата” | Национална цел 5, Активности 5.2.3, 5.2.4, , 5.2.5, 5.2.6, и 5.2.7 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| 3.2 Обуки за зајакнување на капацитетите на националните паркови и другите субјекти за управување со заштитени подрачја | Ќе се спроведат разни тематски обуки (мониторинг, управување со природни ресурси, ренџерска служба и др.) за управување со националните паркови и другите субјекти за управување со заштитени подрачја | Средствата се обезбедени од ЕУ/УНДП тековен проект: Унапредување на управувањето со заштитени подрачја | Национална цел 5, Активности 5.2.5 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| 3.3 Обуки за имплементација на ЦИТЕС Конвенција (Конвенција за меѓународна трговија за загрозени диви животински и растителни видови) | Обука на вработени во Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерство за финансии Царинска Управа, Државен инспекторат за животна средина | Средства обезбедни преку ЕУ TAIEX работилница | Национална цел 5, Активности 5.2.3, 5.2.4, , 5.2.5, 5.2.6, и 5.2.7 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| **4. МОНИТОРИНГ** | | | |
| 4.1 Изработка на протоколи и упатства за спроведување на мониторинг на популации на најважните живеалишта и таксономски групи на растенија, животни и птици, согласно ЕУ законодавство | Изработка на протоколи и водичи/упатства за мониторинг за 20 живеалишта, 20 видови и 20 птици од европско значење. | Средства се обезбедени од тековен ЕУ Твиннинг проект:„Зајакнување на капацитетите за ефективно спроведување на европското законодавство во областа на заштитата на природата” | Национална цел 1, Активност 1.3.22 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4.2 Изработка на Национална програма за мониторинг на биолошката разновидност | Изработка на пет годишна Национална Нацрт-Програма за мониоринг на биодиверзитет | Средства се обезбедени од тековен ЕУ Твиннинг проект:„Зајакнување на капацитетите за ефективно спроведување на европското законодавство во областа на заштитата на природата" | Национална цел 2, Активност 2.3.14 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| 4.3 Мониторинг за определување на национални квоти за неколку видови за одрживо собирање на диви видови растенија, делови за комерцијални цели | Во регионите на Национален парк Пелистер, Национален парк Маврово, планина Беласица како и други региони | Средства обезбедни преку тековен проект на ЕУ/УНДП грантова шема и проект:"Постиг -нување на заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитени подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето" | Национална цел 4 Активност 4.1.7 од Одрживо користење на природни ресурсиод Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| **5. БАЗА НА ПОДАТОЦИ** | | | |
| 5.1 Воспоставување и ажурирање на национален информативен систем за природа | Воспоставување и ажурирање на национален информативен систем за природа за живеалишта, флора, фауна, геоморфологија, заштитени подрачја, НАТУРА 2000 и др.) | Средства се обезбедени од тековен ЕУ Твиннинг проект:„Зајакнување на капацитетите за ефективно спроведување на европското законодавство во областа на заштитата на природата" | Национална цел 2, Активност 2.3. 7 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| 5.2 Ажурирање на веб страната за НАТУРА 2000 | Редовно ажурирање со податоци на веб страната како и социјалните мрежи за тековни активности за НАТУРА 2000 во Република Македонија | Средства се обезбедени од тековен ЕУ Твиннинг проект:„Зајакнување на капацитетите за ефективно спроведување на европското законодавство во областа на заштитата на природата" | Национална цел 6, Активност 6.1.22 Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| 5.3 Воведување на Национален регистар и прстенување на птици | Ќе се изработи национален регистар и процедура за прстенување на птици | 500. 000 денари од Буџетот на Република Македонија за 2019 година | Национална цел 1, Активност 1.3.9 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |

| 6. ДРУГИ АКТИВНОСТИ | | | |
|---|---|---|---|
| 6.1 Отворање на репро центри за големи диви животни и центар за спасување и рехабилитација на диви животни | Планирано е во рамки на НП Галичица да се отвори првиот репро центар и центар за спасување и рехабилитација на диви животн за големи диви животни | Средствата се обезбедени од ЕУ/УНДП тековен проект: Унапредување на управувањето со заштитени подрачја | Национална цел 3, Активност 3.14 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| 6.2 Ќе се отпочне со инвентаризација и вреднување на геодиверзитетот и геонаследство | Изработка на првична база на податоци за геодиверзитетот и геонаследство | 300 .000 денари од Буџетот на Република Македонија за 2019 година | Национална цел 1, Активност 1.1.1 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| 6.3 Изработка на приротетна програма за превентивна заштита на уникатното или загрозено геонаследство (локации на ретки минерали, карпи, фосили, пештери и други геоморфолошки појави) | Ќе се изработи приоритетна програма за заштита на уникатното или загрозено геонаследство (локации на ретки минерали, карпи, фосили итн.) | 100.000 денари од Буџетот на Република Македонија за 2019 година | Национална цел 2, Активност 2.1.4 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| 6.4 Настан за промововирање на Национална стратегија за заштита на природата со Акционен План (2017-2027) | Промовирање на стратешки документ на Министерството за животна средина и просторно планирање | 250.000 денари од Буџетот на Република Македонија за 2019 година | / |

IV

За начинот и динамиката на реализација на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање, за што ќе достави детален извештај до 31.1.2020 година за степенот на реализација до Владата на Република Македонија.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-11248/1-18
22 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**274.**

Врз основа на член 5, став (2) од Законот за акредитација („Службен весник на Република Македонија", бр.120/09, 53/11, 41/14, 53/16 и 83/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 22.1.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАБОТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**

**I. Вовед**

Согласно Законот за акредитација Институтот за акредитација на Република Македонија (во понатамошниот текст: ИАРМ) е јавна установа која ги врши работите и задачите на единствено национално тело за акредитација, согласно пропишана постапка за акредитирање врз основа на овој и други закони и врши надзор над исполнувањето на барањата за акредитација.

Акредитацијата е постапка за формално признавање на оспособеноста за извршување на одредени дејности во смисла дека определено тело за оцена на сообразност ги задоволува барањата предвидени со националните, европските и меѓународните стандарди, соодветната правна регулатива, процедурите на ИАРМ, како и препораките на европската и светските организации за акредитација. Имајќи ја предвид нејзината улога како алатка на регулаторите и државата, во одредени области акредитацијата е пропишана како законски услов кој одреден субјект мора да го исполнува, доколку за своето работење треба да се здобие со одредено овластување издадено од надлежен државен орган.

Основни области во кои се изведуваат постапките на акредитација се:
- лабораторији за тестирање и калибрација,
- медицински лабораторији,
- тела кои вршат сертификација на производи, процеси и услуги
- тела кои вршат сертификација на системи за управување и
- тела кои вршат инспекција.

Акредитацијата е меѓународно призната алатка со која посредно се: обезбедува и гарантира безбедност и квалитет на производите и услугите, слободен развој на меѓународната трговија, се намалуваат трошоците и грешките во работењето, на сметка на зголемување на ефикасноста и економичноста во искористеноста на материјалните и човечките ресурси.

Акредитацијата обезбедува олеснување на светската трговија. Ова од причина што нејзиното примарно значење или придобивка се состои во тоа што еднаш испитаните/сертифицираните производи и услуги под знакот на акредитацијата, немаат потреба од повторно испитување. Имајќи го предвид фактот дека ИАРМ е потписник на три значајни меѓународни договори со кои се обезбедува оваа придобивка, таа важи и за домашните производи и услуги кога се пласираат во и надвор од земјата.

Имено, ИАРМ како полноправен член Европската и Светските организации за акредитација е потписник на меѓународните Договори за взаемно признавање на сертификатите за акредитација со нив, и тоа:
- со Европската организација за акредитација (EA) е потписник на EA-MLA (Multilateral agreement – MLA[1]),
- со Меѓународната (светската) организација за акредитација на лабораторији (ILAC) е потписник на ILAC-MRA (Mutual Recognition Arrangement- MRA[2]) и
- со Меѓународниот форум за акредитација (IAF) е потписник на IAF-MLA Multilateral agreement – MLA[3]) за прифаќање на сертификати и извештаи издадени од акредитираните тела за оцена на сообразност во светот.

Со нивното потпишување, ИАРМ ги отвори вратите за домашните производи и услуги на европскиот и светскиот пазар, согласно принципот „еднаш акредитиран, насекаде прифатен".

Потпишувањето на Договорите значи дека издадените документи од македонските акредитирани тела за оцена на сообразност, согласно стандардите МКС EN ISO/IEC 17025 за лабораторији за тестирање и калибрација, МКС EN ISO/IEC 17020 за инспекциски тела, МКС EN ISO 15189 за медицински лабораторији и МКС EN ISO/IEC 17065 за сертификациски тела за производи, процеси и услуги и МКС EN ISO/IEC 17021-1 за сертификациски тела за системи за управување, се признаваат на европско и светско ниво.

Досегашното успешно реализирање на клучните определби на ИАРМ на меѓународен план, се само дополнителен поттик, но воедно и обврска, за исполнување на стратешкиот интерес и визија на ИАРМ во правец на одржување и зајакнување на статусот на полноправен член во меѓународните организации за акредитација.

**II. Цели на Програмата за работа на ИАРМ за 2019 година**

Стратешки интерес и цел на на ИАРМ е континуирано одржување и зајакнување на системот на акредитација кој ќе обезбеди доверба во компетентноста на телата за оцена на сообразност (сертификациските тела, лабораториите за тестирање и калибрација, медицинските лабораторији и инспекциските тела) и во нивните издадени документи и воедно ја обезбедува слободната трговија со домашните производи и услуги на пазарите во Европа и светот.

Акредитацијата, како во светот, така и во Република Македонија игра важна улога во јакнењето на внатрешниот пазар, квалитетот и безбедноста на живеење, а приматот во нејзината улога е развој на домашното стопанство и негово интегрирање во светски рамки. Но, за Република Македонија таа е особено важен инструмент и како поддршка за нејзиното интегрирање кон Европската Унија.

---

[1] EA-MLA претставува договор потпишан помеѓу акредитациските тела, членки на EA, за признавање на еднаквост и доверливост, а со тоа и прифаќање на акредитираните сертификациски, инспекциски, калибрациски сертификати и извештаи од тестирање низ цела Европа.

[2] ILAC-MRA претставува договор потпишан помеѓу акредитациските тела, членки на ILAC, за признавање на еднаквост и доверливост, а со тоа и прифаќање на акредитираните инспекциски сертификати и извештаи од тестирање низ светот.

[3] IAF-MLA претставува договор потпишан помеѓу акредитациските тела, членки на IAF, за признавање на еднаквост и доверливост, а со тоа и прифаќање на акредитираните сертификати издадени од акредитираните сертификациски тела за производи и системи за управување во светот.

Имајќи ги предвид придобивките од реализацијата на претходно зацртаните планови и цели на ИАРМ, кои се признание за успешно вршење на акредитациската дејност, како и потенцијалите што произлегуваат од нив, мора да се има предвид и нивното повеќенаменско значење.

Оттука, главните активности на ИАРМ во 2019 година ќе бидат насочени кон редовни активности за одржување и надградба на системот за управување со квалитет, како основен услов за одржување на договорите.

• Примарна цел за реализација на Програмата:

Во текот на 2019 година во фокусот на вниманието ќе биде целосно ревидирање и усогласување на системот за управување со квалитет на ИАРМ согласно барањата на новото издание на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018, како основен и единствен стандард по кој ИАРМ работи и ги изведува постапките за акредитација.

Како резултат на промена на стандардот ISO/IEC 17011:2018 и согласно транзициониот период на ЕА и ILAC, ИАРМ до крајот на 2019 година, ИАРМ до ЕА треба да достави Извештај од самооценување на ИАРМ (Self assessment report IAF/ILAC-A3:01/2018) во кој ќе наведе на кој начин се имплементирани новите барања на стандардот.

• Посебни цели за реализацијата на програмата се:

- зголемување на бројот на акредитирани тела од страна на ИАРМ,

- институционално зајакнување преку нови кадровски и организациски решенија и координирање на акредитациските активности преку зголемување на бројот на технички оценувачи и експерти и надградба на компетенциите на оценувачите и вработените во ИАРМ,

- постојано залагање за олеснување на глобалната трговија преку прифаќање на резултатите од акредитираните тела за оцена на сообразност,

- промовирање на услугите на телата за оцена на сообразност акредитирани од ИАРМ,

- давање техничка поддршка на министерствата и останатите институции за сите прашања поврзани со постапките за акредитација,

- активна соработка со европските и меѓународните организации за акредитација,

- постојани активности за стекнување поголема доверба кај заинтересираните страни,

- продолжување на веќе воспоставената соработка со Стопанските комори во Македонија, Организацијата на потрошувачи на Македонија и економските оператори,

- продлабочување и проширување на соработката со националните тела за акредитација од регионот и светот и

- учество во реализација на меѓународни проекти.

Реализацијата на програмските цели ќе се обезбеди преку средствата обезбедени во

Буџетот на РМ за 2019 година, како и преку учество во проекти како на пр.: TAIEX Инструментот на Европската комисија, ПТБ- -и други.

## III. Предвидени активности за реализација на Програмата

Во Буџетот на Република Македонија за 2019 година, раздел 10001 – Министерство за економија, во Подпрограма 51 – ИАРМ, за категориите 40 – Плати и надоместоци, 42 – стоки и услуги, 46 – субвенции и трансфери и 48 – капитални расходи, планирани се финансиски средства во износ од 9.163.000,00 денари на сметка 637/603, 28.800.000,00 денари на сметката 631 или вкупно 37.963.000,00 денари.

- Околу 23% од средствата наменети се за плати на вработените од Буџетот на Република Македонија - сметка 637/603 ИАРМ.

- Околу 71% се наменети за стоки и услуги од сметка 637/603 и 631 ИАРМ.

- Околу 3% од одобрените средства се наменети за субвенции и трансфери (за отпремнина при пензионирање)

- Околу 3% од средствата се наменети за капитални расходи.

**Институт за акредитација на Република Македонија**

| Категорија Ставка | Опис | Буџет 2019 ( во 000 денари) | | Вкупно расходи |
|---|---|---|---|---|
| | | 637/603 | 631 | |
| | Расходи | 9.163 | 28.800 | 37.963 |
| 40 | Плати и надоместоци | 8.783 | | 8.783 |
| 401 | Основни плати | 6.412 | | 6.412 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 2.371 | | 2.371 |
| 42 | Стоки и услуги | 380 | 26.700 | 27.080 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 80 | 2.500 | 2.580 |
| 421 | Комунални услуги, греење комуникција, транспорт | 50 | 2.600 | 2.650 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 50 | 1.000 | 1.050 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 100 | 2.000 | 2.100 |
| 425 | Договорни услуги | 100 | 14.500 | 14.600 |
| 426 | Други тековни расходи | | 4.100 | 4.100 |
| 46 | Субвенции и трансфери | | 1.000 | 1.000 |
| 464 | Разни трансфери | | 1.000 | 1.000 |
| 48 | Капитални расходи | | 1.100 | 1.100 |
| 480 | Купување на опрема и машини | | 300 | 300 |
| 481 | Градежни објекти | | 300 | 300 |
| 485 | Вложување и нефинансиски средства | | 500 | 500 |

За ревидирање и одржување на ефикасноста и за надградба на воспоставениот национален систем за акредитација согласно: Законот за акредитација, стандардот МКС EN ISO/IEC 17011, правилата на Европската организација за акредитација, Светската организација за акредитација на лаборатории и Меѓународниот форум за акредитација (EA, ILAC и IAF) и интерните документи на ИАРМ, потребно е да се реализираат следниве активности:

### 1. Акредитациски активности

Во официјалниот регистар на ИАРМ во моментот на подготовка на Програмата има 180 активни акредитирани тела за оцена на сообразност, а примени се и 7 нови пријави за акредитација. Во 2019 година ќе се извршат редовни надзори на веќе акредитираните тела, а воедно ИАРМ ќе постапува и по новодоставени пријави за акредитација, што ќе значи зголемување на бројот на акредитирани тела за оцена на сообразност.

Согласно Законот за акредитација, како и обврските што произлегуваат од потпишаните меѓународни договори, ИАРМ ќе го ревидира и континуирано ќе го одржува и подобрува целокупниот систем за акредитација. Во рамките на развојните активности, ИАРМ планира да развива нови шеми и области за акредитација, согласно специфичните потреби на Република Македонија, како на пример: акредитација на тела за сертификација на персонал и на организатори на тестирање на оспособеност. Развојот на овие шеми и области ќе се одвива во соработка со заинтересираните страни, потпомогнати со работата на Техничките комитети и истите ќе се развиваат доколку се појави интерес од заинтересирани клиенти.

Во текот на 2019 година се очекува пораст на бројот на пријави за акредитација особено од страна на сертификациски тела за системи за управување, за која што област ИАРМ штотуку доби проширување на опсегот на ЕА-МЛА Договорот.

Исто така, во текот на 2019 година ќе продолжат активностите за изведување на акредитациски активности и во странство, почитувајќи ги правилата за прекуграничната акредитација.

**Потребни средства ................19.900.000,00 денари**

**2. Организирање на обуки**

Одржувањето и надградувањето на компетентноста како на вработените оценувачи, така и на надворешните лица - оценувачи и експерти на ИАРМ е неопходна потреба, но и примарна обврска што за ИАРМ произлегува од меѓународните договори, бидејќи е основен предуслов за квалитетно и правилно изведување на постапките за акредитација.

Во време на подготовка на Програмата, Листата на оценувачи и експерти - активни ја сочинуваат: 19 водечки оценувачи и 2 водечки оценувачи во обука, 64 технички оценувачи, 7 оценувачи во обука и 39 експерти. Седуммина од водечките оценувачи се од редот на вработените во ИАРМ, а останатите се надворешни соработници. Во листите покрај оценувачи и експерти од Република Македонија, има оценувачи и експерти од други тела за акредитација, кои се членки на ЕА или со кои ИАРМ има потпишан договор за соработка. Имено, со цел да бидат задоволени барањата на стандардите за акредитација, како и да се одговори на појавените потреби за акредитација, околу 18% од ангажираните технички оценувачи и експерти при спроведувањето на постапките за акредитација се од странство. Но секако, ИАРМ и натаму ќе настојува да го зголеми бројот на компетентни домашни оценувачи и експерти, со цел да се зголеми нивниот ангажман во постапките за акредитација.

Оттука, и во 2019 година посебен акцент ќе се стави на организација и учество на обуки, семинари и работилници со учество на кандидатите за оценувачи и техничките оценувачи и обуки со вклучување во оценувања под надзор.

Во 2019 година ИАРМ планира да ги организира следниве обуки/работилници:

- Обуки на вработените и членовите на Советот на ИАРМ за новото издание на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011 - Општи барања за телата за акредитација кои акредитираат тела за оцена на сообразноста, стандард по кој работи ИАРМ (задолжително, заради одржување на системот за акредитација)
- Обуки за стандардот за акредитација на медицински лаборатории ISO 15189:2012
- Тренинг за Point-of-care testing (POCT), Барања за квалитет и компетентност (ISO 22870:2016)
- Обука за хармонизација во оценувањето на водечките и техничките оценувачи на ИАРМ
- Обука за водечки и технички оценувачи за стандардот МКС EN ISO/IEC 17020:2012
- Обука за водечки и технички оценувачи за стандардот МКС EN ISO/IEC 17065
- Обука за оценувачи и on site assessment за МКС EN ISO/IEC 17025 во лаборатории за тестирање на храна, животна средина и градежништво
- Обука за оценувачи – on site assessment за стандардот МКС EN ISO/IEC 17021-1
- Обука за Заштитена ознака за потекло, Заштитена географска ознака, Гарантиран традиционален специјалитет
- Обука за земање мостри како самостојна активност
- Обука за флексибилен опсег на акредитација
- Обука за оценување и акредитација на мислења и толкувања
- Обуки за барањата на стандардите: ISO 50001 и - ISO 13485, ISO 9001 : 2015 и IAF MD документите и ISO 14001
- Обука за Оценувачи во Областа на органското производство (со сите негови специфики) особено органско производство во трети земји
- Обука за оценување на непристрасноста и доверливоста кај телата за оцена на сообразност
- Обуки за барањата на стандардот 17021-1 и за користење на IAF MD документи кои се поврзани со стандардот
- Развој на Секторски шеми во согласност со EA-1/22, EA Policy for Conformity Assessment Schemes (Sector Schemes)
- Работилница / Обука / Размена на добри практики: Имплементација на EA-2/17
- Обука за Регулатива (ЕУ) бр. 305/2011 (градежни производи)
- Обука за стандардот за управување со ризици (Risk management – Gudilines).

Обуките ќе се организираат според појавени потреби и тековните транзициони периоди на меѓународните стандарди и на истите ќе учествуваат вработените од ИАРМ и заинтересирани страни, оценувачи и експерти.

Дел од теоретските обуки ќе бидат организирани во ИАРМ, а дел во странски акредитациски тела, членки на ЕА и потписнички на MLA.

Исто така, во рамки на Годишниот План за обуки на вработените во ИАРМ ќе се реализираат и генерички и специјализирани обуки, согласно законските барања за надградба на професионалноста и компетентноста на административните службеници.

**Потребни средства ..................1.500.000,00 денари**

• Човечки ресурси

Во Институтот за акредитација на Република Македонија редовно се вработени вкупно 17 лица.

**Потребни средства ..................8.783.000,00 денари**

**3. Соработка со државни органи**

ИАРМ ќе продолжи со активна соработка со државните органи преку учество во работата на повеќе работни групи формирани од страна на Владата на Република Македонија, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Исто така, ИАРМ ќе продолжи со активностите во рамките на Комитетот за надзор на пазарот и соработката со Стопанските комори во Република Македонија, како и учество во работата на Техничките комитети при Институтот за стандардизација на Република Македонија.

**Потребни средства .................... 100.000,00 денари**

**4. Спроведување интерна проверка**

Согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011 реализирањето на редовната интерна проверка на вработените во ИАРМ е задолжителна обврска и потреба заради одржување и унапредување на системот за управување со квалитет во ИАРМ. Интерната проверка во 2019 година ќе се спроведе по новиот ревидиран стандард МКС EN ISO/IEC 17011:2018 при што интерните проверувачи ќе се насочат на клучните разлики кои треба да се имплементираат во документите на системот за управување на ИАРМ.

**5. Преиспитување на раководството**

Согласно Политиката за квалитет и Процедурите за работа на ИАРМ и барањата на МКС EN ISO/IEC 17011 еднаш годишно се реализира преиспитување на раководството на ИАРМ (директор, претседател на Совет, менаџер за квалитет, раководители на сектори и одделенија). Целта на преиспитувањето е преку анализа на документи, извештаи, жалби, приговори, забелешки и несообразности да се дефинираат и редифинираат политиките и целите на ИАРМ и да се испита ефективноста на системот за управување со квалитет на ИАРМ.

**6. Промовирање на системот на акредитација**

ИАРМ се стреми кон постојано промовирање на потребата од акредитирани и овластени тела со седиште во Република Македонија. Промоцијата на системот на акредитација е од клучно значење за реализацијата на погоре споменатите владини проекти.

За целосна реализација на овие препораки, неопходно е информирање за начинот на аплицирање, како и за начинот на добивање статус на акредитирано тело, односно приближување до условите за акредитација. Исто така, ИАРМ ќе организира нови промотивни настани со кои сите заинтересирани страни ќе бидат запознати со придобивките и корисноста од потпишувањето на меѓународните договори EA-MLA, ILAC-MRA, IAF-MLA и употребата на знаците со кои се докажува потписничкиот статус на истите.

Во рамките на промовирање на системот за акредитација, ИАРМ планира да ги преземе следниве активности:

- Подготовка и издавање на промотивен и едукативен материјал од областа на акредитацијата, на теми препорачани од европската и светските организации за акредитација,
- Медиумска промоција на акредитацијата,
- Издавање на Годишен извештај за работата на ИАРМ за 2018 година,
- Промоција за доделување на сертификати на акредитираните тела 2018/19 година, по повод 9ти Јуни „Меѓународниот ден на акредитацијата",
- Организирање на прес конференции,
- Организирање на заеднички настани со Организацијата на потрошувачи во Република Македонија,
- Организирање на средби со Стопанските комори во Република Македонија,
- Организирање на средби со стопанственици во повеќе градови низ Република Македонија
- Организирање и/или учество на конференции или други видови на собири на теми од значење за улогата на акредитацијата и
- Изработка, одржување и надградба на официјалната интернет страница на ИАРМ.

**Потребни средства ..................1.620.000,00 денари**

**7. Работа на Советот на ИАРМ и Одборот за надзор на материјално - финансиското работење на ИАРМ**

Советот на ИАРМ го сочинуваат 11 члена, а Одборот за надзор на материјално - финансиското работење на ИАРМ 3 члена.

**Потребни средства ................. 1.700.000,00 денари**

**8. Меѓународни активности**

ИАРМ е полноправен член на: Европската организација за акредитација (ЕА), Меѓународната (светската) организација за акредитација на лаборатории (ILAC) и Меѓународниот форум за акредитација (IAF).

Како полноправен член на трите организации, ИАРМ задолжително треба да учествува на годишните состаноци на Генералните собранија на ЕА, ILAC и IAF, бидејќи е член со активно право и должност да учествува и гласа за нови мерки и резолуции од областа на акредитацијата во светски рамки, а кои потоа вертикално треба да се транспонираат на национално ниво во соодветна правна форма.

По основ на полноправното членство, ИАРМ е задолжен да плаќа соодветен износ на име годишна членарина за 2019 година, и тоа:

- по основ на полноправно членство во ЕА и статус на потписник на MLA Договорот, ИАРМ треба да плати годишна членарина во износ од 10.769,00 евра,
- по основ на полноправно членство во ILAC и статус на потписник на MRA Договорот, ИАРМ има обврска за плаќање на годишна членарина во износ од 3.000,00 австралиски долари,
- по основ на полноправно членство во IAF и статус на потписник на MLA Договорот, ИАРМ има обврска за плаќање на годишна членарина во износ од 1.588,00 американски долари.

ИАРМ ќе ја одржува и надградува соработката со националните тела за акредитација од регионот согласно потпишаните билатерални договори со: Србија, Црна Гора, Бугарија, Албанија, Хрватска, Турција, Косово, Босна и Херцеговина и Молдавија.

Исто така, ИАРМ ќе ги одржува и надградува договорите за соработка склучени со Акредитацискиот сервис на Велика Британија (UKAS), Германското тело за акредитација (DAkkS) и Федералната служба за акредитација на Руската Федерација (RusAccreditation).

Целта на овие договори е организација на заеднички обуки за оценувачи, размена на експерти и оценувачи на регионално ниво, прекугранична акредитација што севкупно ќе придонесе за изградба на ефикасен систем за акредитација. Во рамки на договорената регионална соработка ќе се продолжи со започнатата активност на взаемно учество на набљудување при изведување на оцени од националните тела за акредитација од регионот.

**Потребни средства ..................2.600.000,00 денари**

**9. Менаџмент и тековно работење на ИАРМ**

За непречено одвивање на тековните активности на ИАРМ, во Буџетот на ИАРМ за 2019 година обезбедени се средства за одржување на хардверската и софтверската опрема (софтвер за спроведување на постапките за акредитација (Data management system), софтвер за сметководствено, благајничко и архивско работење), одржување на просториите, одржување на патнички моторни возила и за набавка на информатичко-комуникациска опрема.

**Потребни средства ..................1.760.000,00 денари**

**IV. Завршни одредби**

1. Заклучно со 31.03.2020 година, ИАРМ ќе достави Извештај со финансиски показатели за реализација на Програмата за работа на ИАРМ за 2019 година до Владата на Република Македонија, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати и финансиските показатели, како и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-11462/1-18
22 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**275.**

Врз основа на член 18 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија", бр.238/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 22.1.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО ЗА 2019 ГОДИНА**

I

Со  оваа програма се утврдува намената на буџетски средства утврдени на Раздел 040.01 на Влада на Република Македонија, Програма С – Унапредување на животната средина, Потпрограма С4 - Програма за намалување на аерозагадувањето, за 2019 година.

II

Средствата за реализирање на оваа програма се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за 2019 година од сметка 630 - Основен буџет, Раздел 040.01 на Влада на Република Македонија, во износ од 121.000.000 денари.

Средствата од став 1 на овој дел ќе се реализираат врз основа на Јавни набавки кои ги објавува и спроведува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, согласно Законот за јавни набавки. Средствата ќе се наменат за финансирање на замена на постоечките нееколошки системи за греење во домаќинства, градинки, основни и средни училишта, здравствени објекти и административни објекти во најзагадените градови во Република Македонија, како и за набавка на прочистувачи за воздух во внатрешни простории во градинки, основни и средни училишта, здравствени објекти и административни објекти во најзагадените градови во Република Македонија.

III

За реализација на оваа програма ќе се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање.

IV

Средствата од дел II став 1 на оваа програма се распоредуваат за следните намени:

| | Намена | % | Планирани средства во (денари) |
|---|---|---|---|
| 1. | СТАВКА 425 ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | 4,6% | |
| | 1.1 План за замена на постоечките нееколошки системи за греење во домаќинства, градинки, основни и средни училишта, здравствени објекти и административни објекти во најзагадените градови во РМ; | | 2.000.000,00 |
| | 1.2 Јавни кампањи и платформа за следење на реализацијата на програмата; | | |
| | 1.2.1 Изработка на посебна Веб страна, каде што на едноставен начин ќе бидат набројани сите точки кои треба да се спроведат од државните институции во врска со планот за чист воздух | | 2.500.000,00 |
| | 1.3 Изготвување на потребните законски измени и правилници | | 1.000.000,00 |
| 2. | СТАВКА 480 ОПРЕМА И МАШИНИ | 91,3% | |
| | 2.1 Замена на постоечките нееколошки системи за греење во домаќинства, градинки, основни и средни училишта, здравствени објекти и административни објекти во најзагадените градови во РМ: | | |
| | 2.1.1Горилници на плин (гас), АЦ Инвертер клими, ВРФ Систем, Топлински пумпи | | 69.000.000,00 |
| | 2.1.2Енергетска ефикасност | | 30.000.000,00 |
| | 2.1.3Зелени урбани површини | | 11.500.000,00 |
| 3. | СТАВКА 480 ОПРЕМА И МАШИНИ<br>3.1 Набавка на пречистувачи за воздух во внатрешни простории во градинки, основни и средни училишта, здравствени објекти и административни објекти во најзагадените градови во РМ;<br>3.2 Инсталирање на филтри во малите и средни претпријатија, особено во оние од дрвна дејност. Активноста е комплементарна на поддршка на проект за изработка на филтри, селектирани во првиот $O_2$ предизвик; | 4,1% | 5.000.000,00 |
| | ВКУПНО | 100 % | 121.000.000,00 |

V

Средствата од дел II став 1 на оваа програма можат да се користат од правни лица врз основа на законот за јавни набавки, за намени од дел IV точки 1, 2 и 3 на оваа програма.

VI

Исплатата на средствата од дел II став 2 на оваа програма ќе се врши согласно договорите склучени меѓу Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и правните и физичките лица, избрани во согласност со дел V од оваа програма.

VII

Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија ќе објави јавен повик, за користење на опремата од дел IV, точки 1, 2 и 3.

Право на учество на јавниот повик ќе имаат најзагадените градови, а во согласност со дел IV, точка 1 од оваа програма.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-276/1 | Претседател на Владата |
| 22 јануари 2019 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**276.**

Врз основа на член 39 став (3) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.1.2019 година, донесе

## ОПШТ ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ ОД ОБЛАСТ НА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА И ХРАНАТА ЗА ЖИВОТНИ ЗА ПЕРИОД 2019-2024 ГОДИНА

### I Предмет

Со овој план се утврдуваат видот на состојбата како и директните и индиректните ризици по здравјето на луѓето предизвикани од храна и храната за животни кои не може да се спречат, отстранат или намалат до прифатливо ниво со постојаните одредби од Законот за безбедност на храната и Законот за ветеринарно здравство или не можат соодветно да бидат управувани единствено со примена на мерките за вонредни состојби и практичните постапки кои се неопходни за управување со криза, вклучувајќи ги и начелата на транспарентност кои треба да се применат и стратегијата за комуникација.

Со планот се уредува системот на подготвеност и одговор на криза или вонреден настан во подрачјата на безбедност на храна и храна за животни во Република Македонија.

Во планот се вклучени и кризите и вонредните настани кои се поврзани со ветеринарно медицинските препарати и нуспроизводите од животинско потекло.

### II Цели

Овој план има за цел обезбедување на соодветна подготвеност на Агенцијата за храна и ветеринарство и другите релевантни органи на управи, институции и организации за ефективно, ефикасно и благовремено реагирање на криза односно појава на одреден ризик и/или закана со цел негово отстранување или превентивно спречување.

Основна цел на овој план е обезбедување на соодветна и навремена реакција на Агенцијата за храна и ветеринарство при појава на ризик или закана по здравјето на луѓето, животните и животната средина кои произлегуваат од храната, храната за животни, ветеринарно медицинските препарати и нуспроизводите од животинско потекло.

Цел на овој план е воспоставување на организациона структура на механизми и обезбедување на ресурси за подготвеност и ефективен одговор на кризи и вонредни настани на територијата на Република Македонија, кој ќе биде интегриран со одговорите на национално, а по потреба и на меѓународно или локално ниво, преку обезбедување на координација меѓу органите на управата, институциите, организациите и сите субјекти кои се инволвирани или кои имаат надлежност да делуваат во наведените ситуации.

### III Дефиниции

Одделни изрази употребени во овој план го имаат следното значење:

1) „Криза во областа на храната и храната за животни” се сите ситуации, случајни или намерно предизвикани, кои вклучуваат директни или индиректни ризици по здравјето на луѓето што произлегуваат од храната и храната за животни во производство, увоз, извоз и дистрибуција, односно состојби што може да имаат влијание врз поединците, организациите или земјата на потенцијално негативен и/или деструктивен начин во форма на сериозен и неконтролиран ризик по јавното здравје кој бара ургентна активност за негово отстранување.

2) „Вонредни настани во областа на храната и храната за животни” се одредени ситуации кои претставуваат закана или ризик по здравјето на луѓето и/или животните и/или животната средина, кои по своите карактеристики не влегуваат во дефиницијата на криза, но кои не можат да се елиминираат или ставаат под контрола со редовните активности на официјалните ветеринари и инспекторите за храна, и кои условуваат брз и координиран редослед на активности од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство.

3) „Други ситуации и настани” се одредени ситуации кои имаат значење од аспект на закана или ризик по здравјето на луѓето и/или животните и/или животната средина, кои по своите карактеристики не влегуваат во дефиницијата на криза и/или вонреден настан, кои во одредени случаи може да се елиминираат или ставаат под контрола со редовните активности на официјалните ветеринари и инспекторите за храна, но со примена на наведените структури и механизми се обезбедува поефективен и поефикасен одговор, а тоа е потврдено односно одобрено од Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство.

### IV Надлежни органи на управа, институции и организации Агенција за храна и ветеринарство

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежен орган на државна управа за воспоставување и управување со системот на подготвеност и одговор на криза или вонреден настан во подрачјата на безбедност на храна и храна за животни во Република Македонија.

IV.I. Други органи на управа, институции и организации

Во подготвеноста и одговорот на ризици и закани учество земаат, во зависност од ситуацијата и следниве органи на управа, институции, организации и други тела и тоа:

1. Центарот за управување со кризи (ЦУК);
2. Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС);
3. Министерството за здравство (МЗ);
4. Државен санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ)
5. Институт за јавно здравје на Република Македонија (ИЈЗ);
6. Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);
7. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ);
8. Министерство за финансии (МФ) - Царинска Управа на Република Македонија (ЦУРМ);
9. Национален координативен центар за гранично управување (НКЦГУ);
10. Министерството за внатрешни работи (МВР);
11. Министерството за економија (МЕ);

12. Единици на локална самоуправа, и

13. Јавни претпријатија, установи и служби.

како дел од воспоставениот систем за заштита и спасување и за управување со кризи во Република Македонија.

Во случај на прогласување на кризна состојба на територијата на Република Македонија, која е последица од ризик и закана во сегментот на безбедност на храна и храна за животни во обем на надлежностите кои се уредени со Законот за управување со кризи, на предлог на Агенцијата за храна и ветеринарство во рамки на системот за управување со кризи се активираат прво Главниот штаб потоа Групата на процена и Управувачкиот комитет согласно Законот за управување со кризи заради предлагање на одлуки и обезбедување на постојани консултации, координација, навремена реакција, ефикасност и соодветно искористување на расположливите ресурси, како и обезбедување навремена, квалитетна и реална процена на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од ризици и опасности.

Според Законот за безбедност на храната, кога Агенцијата ќе утврди состојба која вклучува сериозен директен или индиректен ризик по здравјето на луѓето кој потекнува од храна или храна за животни, кој не може да се спречи, намали или отстрани на прифатливо ниво со постојаните мерки или не може да се управува единствено со примена на мерките за вонредни состојби, веднаш ја известува Владата на Република Македонија и доставува предлог за утврдување на кризна состојба до Управувачкиот комитет по што се постапува согласно со одредбите од Законот за управување со кризи.

## V Организациона структура

V.I. Организациона структура

За целите на овој план, Агенцијата за храна и ветеринарство формира соодветна организациона структура која се состои од:

- Оперативен центар во функција на Национален оперативен центар за управување со кризи од област на безбедност на храната и храната за животни
- Централна оперативна група (Кризна единица) која е претставена преку терenски единици на Националниот оперативен центар
- Официјалните ветеринари и Инспекторите за храна во Организационите единици и Гранични инспекциски места.
- Работна група на експерти,
- Лаборатории, ветеринарно-здравствени установи и здравствени организации односно други институции кои вршат одредени услуги со јавни овластување, а кои се вклучени во организационата структура на планот за управување со кризи.

V.II. Опис на организационата структура за спроведување на овој план

V.II.I Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство

Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство е одговорен за готовноста и спроведување на Општиот план за кризи и Оперативниот план за итни мерки. Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство редовно поднесува извештаи на Владата на Република Македонија и на Управувачкиот комитет.

V.II.II Оперативен Центар

Оперативниот Центар за управување со кризи од област на безбедност на храната и храната за животни е највисоко институционално-стручно тело кое ја дава потребната професионално институционална поддршка на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство за спроведување на овој план.

Составот на Оперативниот центар ги содржи сите релевантни раководители на сектори од Агенцијата за храна и ветеринарство односно претставници на надлежните органи на управи, институции и организации релевантни за Планот за управување со кризи во зависност од карактеристиките на ситуацијата (криза и/или вонреден настан). Составот на Оперативниот центар тековно се ревидира и формално одобрува од страна на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство. За секоја позиција во Оперативниот центар се одредува и негова замена и тоа:

- Раководител на Сектор за инспекциски надзор
- Раководител на Сектор за проценка и комуникација на ризик.
- Раководител на Сектор за храна од неживотинско потекло.
- Раководител на Сектор за ветеринарно јавно здравство.
- Раководител на Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните.
- Претставник од Центарот за управување со кризи.
- Претставник од Министерството за здравство.
- Претставник од Државен санитарен и здравствен инспекторат.
- Претставник од Министерство за внатрешни работи.
- Претставник од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.
- Претставник од Државен инспекторат за земјоделство.
- Претставник од Дирекција за заштита и спасување.
- Претставник на Експертската работна група
- Претставник од Институт за јавно здравје на Република Македонија (референтна институција за заштита на здравјето на луѓето).
- Претставник од Факултет за ветеринарна медицина-Скопје (референтна институција за здравствена заштита и благосостојба на животните)

Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство го одредува составот за Оперативниот центар за одредена ситуација (криза и/или вонреден настан) во зависност од карактеристиките на ситуацијата, во моментот кога се дава потврда за активирање на овој план.

Оперативен центар за кризи на ниво на територијата на Република Македонија постапува според советодавниот и координативниот капацитет, во соработка со Експертската група и е во врска со надлежната национална референтна институција за заштита на здравјето на луѓето и здравестваната заштита и благосостојба на животните.

Во состав на Оперативниот центар и под негово директно раководење е Централната оперативна група (државни инспектори: инспектори за храна и официјални ветеринари).

Централната оперативна група делува на целата територијата на Република Македонија и е составена од државни инспектори со соодветен професионален профил за одреден тип на криза или вонреден настан и со посебни надлежности односно овластувања од Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство за спроведување на одредени активности и мерки.

## VI Постапување во случај на криза и канали за постапките на размена на информации помеѓу релевантните засегнати страни

VI.I Потврда на итна состојба и вонреден настан - ситуација

По добиената нотификација на итна состојба криза и/или вонреден настан-ситуација и потврда на итната ситуација криза/вонреден настан-ситуација од Оперативниот центар-Дежурната служба, директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство веднаш се информира.

Доколку директорот е отсутен одлука донесува неговиот заменик.

Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство дава официјална потврда дека е настаната ситуацијата со криза или друг вонреден настан.

Директорот ја делегира оперативна надлежност за преземање на итни мерки и активности, и ги става на располагање неопходните ресурси.

Итните мерки и активности вклучуваат, но не се ограничени на:

1) Мобилизација и ставање во оперативна функција на персоналот на Агенцијата за храна и ветеринарство и по потреба други лица и институции;

2) Мобилизација и ставање во оперативна функција и тековно искористување на материјални и финансиски ресурси на Агенцијата за храна и ветеринарство;

3) Спроведување на посебни задачи на персоналот на Агенцијата за храна и ветеринарство, другите мобилизирани лица и институции (лаборатории);

4) Соодветна координација меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и другите органи на управа, институции и организации (Државен санитарен и здравствен инспекторат Министерство за внатрешни работи, Единици за цивилна заштита, Армијата на Република Македонија, јавно здравство и/или прашања од животна средина итн.),

5) Воспоставување на зони на делување и зони под надзор и одредување на соодветни заштитни мерки применливи во нив;

6) Одредување и примена на соодветни мерки за елиминирање, редуцирање и превенирање на наведената закана или ризик односно опасност; и

7) Други мерки и активности во зависност од карактеристиките на ситуацијата.

Мерките и активностите кои се преземаат со детален опис на истите (кој, кога, каде, како, со што и зошто) се дадени во Листата на мерки и активности и Процедурата за начинот на одредување и преземање од Оперативниот план за итни мерки од областа на безбедноста на храната и храната за животни и истите тековно се ревидираат и надополнуваат од Оперативниот центар и се одобруваат од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Ако е побарано од Агенцијата за храна и ветеринарство, директорот на Агенцијата се координира со други министерства и тела на Владата на Република Македонија и може да побара помош од истите, кои исто така, во склоп на своите надлежности, се вклучени во одредени случаи на присилното извршување на мерките за контрола на болести и/или заштитата и ублажувањето на кризи (Министерство за внатрешни работи, Министерство за здравство, Министерство за животна средина и просторно планирање).

Кога ситуацијата поставува сериозни ризици по здравјето на животните, јавното здравје или по животната средина, или кога расположливите ресурси не се доволни, директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство ја информира Владата на Република Македонија како и Центарот за управување со кризи согласно Законот за управување со кризи и Уредбата за видот на податоците и информациите и за начинот и постапките на нивно донесување до Центарот.

VI.II Ланец на наредби и проток на информации

Крајната одговорност за активирање и спроведување на активностите од Општиот план за управување со кризи, ја има директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство има целосна административна и техничка одговорност за готовност и управување со кризни ситуации.

Одговорност на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство е да осигура дека Агенцијата е подготвена во секој момент, во однос на организација, ресурси и нивото на обука, да се справи брзо и ефикасно со кризната ситуација.

VI.III Шема за пренос на структурирани и документирани информации и ланец на наредби

1. Принцип и постапка на донесување на одлуки

Во случај на појава на ситуација која е предмет на овој план, одлуките треба да се донесат веднаш односно во најкраток можен рок врз основа на валидни и верификувани информации преку соодветно воспоставен систем за собирање и обработка на најнови, исцрпни и сигурни информации кои се на располагање согласно членовите 36 и 38 од Законот за безбедност на храна, а потоа на концизен и брз начин да се спроведат на терен.

2. Постапка за пренос на одлуки и инструкции

Агенцијата за храна и ветеринарство воспоставува систем на доверливост и одговорност за брзо и ефикасно донесување на одлуките, со Процедура за пренос на инструкции и одлуки од Агенцијата за храна и ветеринарство (Оперативниот центар) до оперативните служби кои ги спроведуваат акциите или на терен или во лабораторијата, како и Процедура за добивање на повратни информации во Оперативниот центар.

Воспоставена шема за пренос на структурирани и документирани информации и постоењето на краток и јасен ланец на наредби се есенцијални за имплементација на Планот и координација на акциите кои произлегуваат од нив.

Во протокот на информации, во зависност од посебните околности, вклучени се Факултет за ветеринарна медицина-Скопје и Институт за јавно здравје на Република Македонија кои ги следат каналите на комуникација. Документацијата доставена во прилог на информацијата, е организирана врз основа на форми направени за таа намена. Ланецот на наредби, организиран е така што секој е целосно свесен и обучен за неговите/нејзините задачи, обезбедувајќи соодветен одговор во итни ситуации во најкраток можен рок односно најмногу еден час.

VI.IV Средства за спроведување на планот-ресурси

Агенцијата за храна и ветеринарство на годишно ниво води Листа на расположливост на ресурси за подготвеноста и капацитетот на Агенцијата за храна и ветеринарство да се справи со кризи и вонредни настани во однос на:

- законските надлежности,
- хумани и материјални ресурси, и
- административни и технички процедури.

Листата на ресурси е предмет на континуирана имплементација и е во сила не само за време туку и во отсуство на криза и вонредна ситуација и е предмет на редовна ревизија и надополнување.

Агенцијата за храна и ветеринарство обезбедува персоналот редовно да се обучува за постапките за управување со кризи.

Од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство се обезбедуваат како за Оперативниот центар така и за локалните центри сите потребни средства, вклучувајќи персонал, објекти и опрема, за спроведување на овој план, заради осигурување на ефикасна и навремена имплементација на мерките и активностите утврдени со овој план.

**VII Влегување во сила**

Овој план влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11539/1-18
22 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**277.**

Врз основа на член 213-г од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), Министерството за труд и социјална политика, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕПРЕЗЕНТАТИВНОСТ НА СИНДИКАТ НА НИВО НА ГРАНКА, ОДНОСНО ОДДЕЛ**

1. Се утврдува репрезентативност на Синдикатот на културата на Република Македонија (скратен назив „СКРМ“) на ниво на гранка, односно оддел „Креативни, уметнички и забавни дејности“.
2. Репрезентативноста на синдикатот се утврдува за временски период од три години, од денот на донесувањето на ова решение.
3. Ова решение ќе се објави во („Службен весник на Република Македонија“).

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Синдикатот на културата на Република Македонија, со седиште на бул. „Гоце Делчев“ бр. 4, Скопје, на ден 17.10.2018 година до Комисијата за утврдување на репрезентативност (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесе барање бр. 08-10519/1 за утврдување на репрезентативност на синдикат на ниво на гранка, односно оддел „Креативни, уметнички и забавни дејности“.

Кон барањето приложени се и докази за исполнување на условите за репрезентативност, согласно член 213-в, а во врска со член 212 став (4) од Законот за работните односи.

Комисијата на седница одржана на ден 28.12.2018 година, по разгледување на барањето и приложената документација, утврди дека подносителот ги исполнува условите за утврдување на репрезентативност согласно член 212 став (4) од Законот за работните односи и даде Предлог бр. 08-10519/5 за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка, односно оддел „Креативни, уметнички и забавни дејности“ согласно Националната класификација на дејности Рев.2 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/08 и 4/13).

Имено, Комисијата утврдила дека вкупниот број на вработени во одделот „Креативни, уметнички и забавни дејности“ согласно податоците од Државниот завод за статистика на Република Македонија, Макстат база, Пазар на труд, Плати, Вработени во Република Македонија според сектори и оддели на дејности по НКД Рев.2, по пол, по години, за претходната 2017 година изнесува 2294 вработени. Согласно приложените списоци на Синдикатот на културата на Република Македонија, бројот на членови кои плаќаат членарина во одделот Креативни, уметнички и забавни дејности, изнесува 479 вработени односно 20,88% од вкупниот број на вработени на ниво на гранка, односно оддел.

Во согласност со горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на ова решение.

Упатство за правно средство: Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-382/1 | Министер за труд |
| 10 јануари 2019 година | и социјална политика, |
| Скопје | **Мила Царовска**, с.р. |

**278.**

Врз основа на член 213-г од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), министерството за труд и социјална политика, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕПРЕЗЕНТАТИВНОСТ НА СИНДИКАТ НА НИВО НА ГРАНКА, ОДНОСНО ОДДЕЛ**

1. Се утврдува репрезентативност на Синдикатот на културата на Република Македонија (скратен назив „СКРМ“) на ниво на гранка, односно оддел „Библиотеки, архиви, музеи и останати културни дејности“.
2. Репрезентативноста на синдикатот се утврдува за временски период од три години, од денот на донесувањето на ова решение.
3. Ова решение ќе се објави во („Службен весник на Република Македонија“).

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Синдикатот на културата на Република Македонија, со седиште на бул. „Гоце Делчев“ бр. 4, Скопје, на ден 17.10.2018 година до Комисијата за утврдување на репрезентативност (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесе барање бр. 08-10519/1 за утврдување на репрезентативност на синдикат на ниво на гранка, односно оддел „Библиотеки, архиви, музеи и останати културни дејности“.

Кон барањето приложени се и докази за исполнување на условите за репрезентативност, согласно член 213-в, а во врска со член 212 став (4) од Законот за работните односи.

Комисијата на седница одржана на ден 28.12.2018 година, по разгледување на барањето и приложената документација, утврди дека подносителот ги исполнува условите за утврдување на репрезентативност согласно член 212 став (4) од Законот за работните односи и даде Предлог бр. 08-10519/6 за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка, односно оддел „Библиотеки, архиви, музеи и останати културни дејности“ согласно Националната класификација на дејности Рев.2 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/08 и 4/13).

Имено, Комисијата утврдила дека вкупниот број на вработени во одделот „Библиотеки, архиви, музеи и останати културни дејности“ согласно податоците од Државниот завод за статистика на Република Македонија, Макстат база, Пазар на труд, Плати, Вработени во Република Македонија според сектори и оддели на дејности по НКД Рев.2, по пол, по години, за претходната 2017 година изнесува 1480 вработени. Согласно приложените списоци на Синдикатот на културата на Република Македонија, бројот на членови кои плаќаат

членарина во одделот Библиотеки, архиви, музеи и останати културни дејности изнесува 346 вработени, односно 23,37% од вкупниот број на вработени одделот.

Во согласност со горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на ова решение.

Упатство за правно средство: Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-382/2 | Министер за труд |
| 10 јануари 2019 година | и социјална политика, |
| Скопје | **Мила Царовска**, с.р. |

**279.**

Врз основа на член 213-г од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), министерството за труд и социјална политика го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕПРЕЗЕНТАТИВНОСТ НА СИНДИКАТ НА НИВО НА ГРАНКА

1. Се утврдува репрезентативност на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Република Македонија (скратен назив „СУТКОЗ“) на ниво на гранка „Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината“.

2. Репрезентативноста на синдикатот се утврдува за временски период од три години, од денот на донесувањето на ова решение.

3. Ова решение ќе се објави во („Службен весник на Република Македонија“).

### О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Република Македонија, со седиште на ул. „12 Ударна бригада“ бр. 2 А, Скопје, на ден 16.11.2018 година до Комисијата за утврдување на репрезентативност (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесе барање бр. 08-11334/1 за утврдување на репрезентативност на синдикат на ниво на гранка „Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината“.

Кон барањето приложени се и докази за исполнување на условите за репрезентативност, согласно член 213-в од Законот за работните односи.

Комисијата на седница одржана на ден 28.12.2018 година, по разгледување на барањето и приложената документација, утврди дека подносителот ги исполнува условите за утврдување на репрезентативност согласно член 212 став (4) од Законот за работните односи и даде Предлог бр. 08-11334/4 за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка „Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината“ согласно Националната класификација на дејности Рев.2 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/08 и 4/13).

Имено, Комисијата утврдила дека согласно податоците од Државниот завод за статистика на Република Македонија, Макстат база, Пазар на труд, Плати, Вработени во Република Македонија според сектори и оддели на дејности по НКД Рев.2, по пол, по години, за 2017 година изнесува 9944 вработени. Согласно приложените списоци на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Република Македонија, бројот на членови кои плаќаат членарина во гранката Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината изнесува 5379 вработени, односно 54,09% од вкупниот број на вработени во гранката.

Во согласност со горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на ова решение.

Упатство за правно средство: Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-383/1 | Министер за труд |
| 10 јануари 2019 година | и социјална политика, |
| Скопје | **Мила Царовска**, с.р. |

**280.**

Врз основа на член 213-г став 2 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), министерството за труд и социјална политика донесува

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕПРЕЗЕНТАТИВНОСТ НА СИНДИКАТ ЗА ТЕРИТОРИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се утврдува репрезентативност на Сојуз на синдикати на Македонија (скратен назив „ССМ“) со седиште на ул. „12 Ударна бригада“ бр. 2-а, Скопје, за територија на Република Македонија заради учество во трипартитни тела за социјално партнерство и трипартитни делегации на социјални партнери.

2. Репрезентативноста на синдикатот се утврдува за временски период од три години, од денот на донесувањето на ова решение.

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

### О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Сојуз на синдикати на Македонија, со седиште на ул. „12 Ударна бригада“ бр.2-а, Скопје, на ден 06.12.2018 година под бр. 08-11833/1 до Комисијата за утврдување на репрезентативност (во понатамошниот текст: Комисијата), поднесе барање за утврдување на репрезентативност за територија на Република Македонија.

Кон барањето приложени се и докази за исполнување на условите за репрезентативност, согласно член 213-в, а во врска со член 212 став (1) од Законот за работните односи.

Комисијата на седница одржана на ден 19.12.2018 година, по разгледување на барањето и приложената документација, утврди дека подносителот ги исполнува условите за утврдување на репрезентативност сог-

ласно член 212 став (1) од Законот за работните односи и даде Предлог за утврдување на репрезентативност за територија на Република Македонија заради учество во трипартитни тела за социјално партнерство и трипартитни делегации на социјални партнери бр. 08-11833/4 од 19.12.2018 година.

Имено, Комисијата постапувајќи по барањето утврдила дека Сојуз на синдикатите на Македонија со решение бр. 08-16013/2 од 21.12.2009 година е запишан во регистарот на синдикати во Министерството за труд и социјална политика под реден број 22. Во ССМ, согласно приложениот Статут бр. 0702-441/1 од 19.12.2013 година се здружени 18 синдикати на ниво на гранка, односно оддел.

Сојузот на синдикати на Македонија согласно одлуката за формирање на регионални синдикални претставништва и канцеларии со бр. 0703-574 од 27.12.2010 година, има формирано регионални претставништва и регионални канцеларии во 30 општини, односно во повеќе од 1/5 од вкупниот број на општини во Република Македонија. Понатаму, согласно приложениот список и согласно регистарот на колективни договори кој го води Министерството за труд и социјална политика, ССМ има склучено 12 колективни договори на ниво на гранка, односно оддел, склучени од синдикати членки, здружени во Сојузот на синдикати на Македонија.

Согласно приложените списоци на синдикати членки на Сојузот на синдикати на Македонија, со број на членови кои плаќаат членарина на секој синдикат членка одделено, бројот на членови, односно вработени кои плаќаат членарина изнесува 62 349 илјади вработени, односно 10,77% од вкупниот број на вработени во Република Македонија.

Во согласност со горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр. 08-11833/7
24 декември 2018 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.

---

**281.**

Врз основа на член 213-г став 2 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), министерството за труд и социјална политика донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕПРЕЗЕНТАТИВНОСТ НА СИНДИКАТ НА НИВО НА ЈАВЕН СЕКТОР**

1. Се утврдува репрезентативност на Сојуз на синдикати на Македонија (скратен назив „ССМ“) со седиште на ул. „12 Ударна бригада“ бр. 2-а, Скопје на ниво на јавен сектор заради учество во колективно договарање на ниво на јавен сектор.

2. Репрезентативноста на синдикатот се утврдува за временски период од три години, од денот на донесувањето на ова решение.

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Сојуз на синдикати на Македонија, со седиште на ул. „12 Ударна бригада“ бр.2-а, Скопје, на ден 06.12.2018 година под бр. 08-11833/1, до Комисијата за утврдување на репрезентативност (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесе барање за утврдување на репрезентативност на ниво на јавен сектор.

Кон барањето приложени се и докази за исполнување на условите за репрезентативност, согласно член 213-в, а во врска со член 212 став (2) од Законот за работните односи.

Комисијата на седница одржана на ден 19.12.2018 година, по разгледување на барањето и приложената документација, утврди дека подносителот ги исполнува условите за утврдување на репрезентативност согласно член 212 став (2) од Законот за работните односи и даде Предлог за утврдување на репрезентативност на ниво на јавен сектор заради учество во колективно договарање на ниво на јавен сектор бр.08-11833/5 од 19.12.2018 година.

Имено, Комисијата постапувајќи по барањето утврдила дека Сојуз на синдикатите на Македонија со решение бр. 08-16013/2 од 21.12.2009 година е запишан во регистарот на синдикати во Министерството за труд и социјална политика под реден број 22. Согласно приложените списоци на синдикати членки на Сојузот на синдикати на Македонија со број на членови кои плаќаат членарина на секој синдикат членка одделено, бројот на членови односно вработени во јавниот сектор кои плаќаат членарина изнесува 37 968 илјади вработени, односно 21,84% од вкупниот број на вработени во јавниот сектор.

Во согласност со горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр. 08-11833/8
24 декември 2018 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.

---

**282.**

Врз основа на член 213-г став 2 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), министерот за труд и социјална политика донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕПРЕЗЕНТАТИВНОСТ НА СИНДИКАТ НА НИВО НА ПРИВАТЕН СЕКТОР ОД ОБЛАСТА НА СТОПАНСТВОТО ЗАРАДИ УЧЕСТВО ВО КОЛЕКТИВНО ДОГОВАРАЊЕ НА НИВО НА ПРИВАТЕН СЕКТОР ОД ОБЛАСТА НА СТОПАНСТВОТО**

1. Се утврдува репрезентативност на Сојуз на синдикати на Македонија (скратен назив „ССМ“), со седиште на ул. „12 Ударна бригада“ бр. 2-а, Скопје, заради учество во колективно договарање на ниво на приватен сектор од областа на стопанството.

2. Репрезентативноста на синдикатот се утврдува и важи до исполнувањето на условите за репрезентативност од член 212 став (3) од Законот за работните односи, но не подолго од три години, од денот на донесувањето на ова решение.

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Сојуз на синдикати на Македонија, со седиште на ул. „12 Ударна бригада“ бр.2-а, Скопје, на ден 06.12.2018 година под бр. 08-11833/1, до Комисијата за утврдување на репрезентативност (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесе барање за утврдување на репрезентативност на ниво на приватен сектор од областа на стопанството.

Кон барањето приложени се и докази за исполнување на условите за репрезентативност, согласно член 213-в, а во врска со член 212 став (3) од Законот за работните односи.

Комисијата на седница одржана на ден 19.12.2018 година, по разгледување на барањето и приложената документација, утврди дека подносителот ги исполнува условите за утврдување на репрезентативност согласно член 212 став (3) од Законот за работните односи и даде Предлог за утврдување на репрезентативност на ниво на приватен сектор од областа на стопанството бр. 08-11833/6 од 19.12.2018 година.

Имено, Комисијата постапувајќи по барањето утврдила дека Сојуз на синдикатите на Македонија со решение бр. 08-16013/2 од 21.12.2009 година е запишан во регистарот на синдикати во Министерството за труд и социјална политика под реден број 22.

Понатаму, согласно приложениот список на синдикати членки здружени во Сојузот на синдикати на Македонија со број на членови кои плаќаат членарина на секој синдикат членка одделено, бројот на членови односно вработени во приватниот сектор од областа на стопанството изнесува 24 343 илјади вработени, односно 6% од вкупниот број на вработени во приватниот сектор од областа на стопанството во Република Македонија.

Согласно член 212 став (3) од Законот за работните односи, репрезентативен синдикат на ниво на приватен сектор од областа на стопанството, согласно со Националната класификација на дејности е синдикат кој е запишан во регистарот кој го води министерството надлежно за работите од областа на трудот и во кој се зачленети најмалку 20% од бројот на вработени во приватниот сектор од областа на стопанството и кои плаќаат членарина.

Од причини што Сојуз на синдикати на Македонија не ги исполнува условите за репрезентативност на синдикат на ниво на приватен сектор од областа на стопанството согласно член 212 став (3) од Законот за работните односи, Комисијата утврди дека подносителот ги исполнува условите за утврдување на репрезентативност заради учество во колективно договарање на ниво на приватен сектор од областа на стопанството согласно член 210 став (2) од Законот и даде Предлог за утврдување на репрезентативност на синдикат, заради учество во колективно договарање на ниво на приватен сектор од областа на стопанството до исполнувањето на условите за репрезентативност од член 212 став (3) од Законот за работните односи, но не подолго од три години, од денот на донесување на решение за утврдување на репрезентативност во смисла на член 210 став (2) од Законот.

Во согласност со горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-11833/9 | Министер за труд |
| 24 декември 2018 година | и социјална политика, |
| Скопје | **Мила Царовска**, с.р. |

# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**283.**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 1 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18), а во врска со Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18) и Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво УП 1 бр.08-527 од 23.11.2018 година и Заклучокот бр.02-337/5 од 25.1.2019 година, на својата 3-та седница одржана на 25.1.2019 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН КОНКУРС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАДИО ЕМИТУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА ДРЖАВНО НИВО УП 1 БР.08-527 ОД 23.11.2018 ГОДИНА**

1. Во целиот текст на Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво УП 1 бр.08-527 од 23.11.2018 година (во понатамошниот текст: цитираната одлука), зборовите: „Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18), се менуваат со зборовите: „Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18)“.

2. Во цитираната одлука, точка 5. се менува и гласи:

„5. Доставените пријави на конкурсот, Агенцијата ќе ги оценува врз основа на следните критериуми, на следниот начин на бодирање:

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

| | | |
|---|---|---|
| **1. Застапеност на програма произведена од страна на самиот радиодифузер (in-house production), во текот на неделата** | | **26 бода** |
| - до 50% од говорниот дел од програмата | 15 бода | |
| - над 50% од говорниот дел од програмата | 26 бода | |
| | | |
| **2. Застапеност на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура** | | **25 бода** |
| • **програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура, емитувани на годишно ниво** | | |
| - до 30 часа во текот на годината | 10 бода | |
| - над 30 часа во текот на годината | 15 бода | |
| • **инструментална музика од македонски автори, вокална и/или вокално-инструментална музика на јазикот/јазиците на кој/кои ќе се емитува говорниот дел од програмата, емитувана во текот на денот** | | |
| - до 30% од вкупно емитуваната музика | 7 бода | |
| - над 30% од вкупно емитуваната музика | 10 бода | |
| | | |
| **3. Бројот и структурата на вработените потребни за вршење на дејноста (најмалку 5 вработени, од кои 2 новинари со ВСС)** | | **17 бода** |
| - **3.1. број на вработени** | | |
| - До 7 вработени | 7 бода | |
| - Над 7 вработени | 10 бода | |
| | | |
| - **3.2. структура на вработените** | | |
| - До 4 новинари | 5 бода | |
| - Над 4 новинари | 7 бода | |
| **4. Технички услови за производство на програмите** | | **7 бода** |
| | | |
| **5. Понудено време на дневно емитувана програма** | | **7 бода** |
| - 18 часа | 4 бода | |
| - над 18 часа | 7 бода | |
| **6. Просторни услови за вршење на дејноста** | | **7 бода** |
| | | |
| **7. Понудени гаранции за финансиската способност за остварување на дејноста** | | **7 бода** |
| | | |
| **8. Понуден рок на започнување со вршење на дејноста** | | **4 бода** |
| - до 3 месеци од денот на издавање на дозволата | 4 бода | |
| - над 3 месеци од денот на издавање на дозволата | 2 бода | |
| | | |
| | **Вкупно** | **100 бода** |

“

3. Во цитираната одлука во точка 6. став 2, зборовите: „напред цитираниот Закон“ се менуваат со зборовите: “Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18)“.

4. Во цитираната одлука, во точка 12 зборовите: „65 (шеесетипет)“ се менуваат со зборовите: „90 (деведесет)“.

5. Согласно измените на оваа Одлука, соодветно се менуваат Конкурсната документација за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво УП 1 бр.08-527 од 23.11.2018 година и Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво, така што изменетите Конкурсна документација и Пријава за учество на јавен конкурс ќе бидат објавени на веб страницата на Агенцијата: www.avmu.mk.

6. Во останатите точки, цитираната одлука, останува неизменета.

7. Оваа одлука се објавува во „Службен весник на Република Македонија“, на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, а влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

8. За донесувањето на оваа одлука да се известат кандидатите на Конкурсот кои уплатиле надоместок за Конкурсна документација.

О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по службена должност, а во согласност со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на државно ниво“, наш арх.бр.03-4951/1 од 12.11.2018 година, која е објавена на веб страницата на Агенцијата на 12.11.2018 година[2], на својата 45-та седница одржана на 23.11.2018 година, донесе Одлука УП 1 бр.08-527 од 23.11.2018 година, за објавување на јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис, говорно - музичко радио од специјализиран формат кај кое доминантниот вид на програма има забавна функција, на албански и на македонски јазик, на државно ниво, кој ќе се емитува преку мрежа на радиофреквенции определени од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РМ. Цитираната Одлука беше објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.216 од 26.11.2018 година, како и во дневните весници: „Нова Македонија“ од 26.11.2018 година и „Коха“ од 26.11.2018 година.

Во врска со наведеното, Агенцијата изработи Конкурсна документација за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво УП 1 бр.08-527 од 23.11.2018 година и Пријава за учество за јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво, кои се објавени на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[3].

Собранието на Република Македонија на својата седница одржана на 28-ми декември 2018 година, го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој беше објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.248 од 31.12.2018 година, а стапи во сила на 8.1.2019 година. Со цитираниот Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, меѓу другите беа изменети членот 80 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кој влијае на начинот на пресметка на годишниот надоместок за дозволата, кој го утврдува Агенцијата согласно овој член, и членот 92 кој влијае на содржината на Образецот на програмски концепт и на утврдените критериуми за оценување на пријавите. Овие измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се рефлектираат на Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво УП 1 бр.08-527 од 23.11.2018 година, Конкурсната документација за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво УП 1 бр.08-527 од 23.11.2018 година и на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво, поради што се наметна потребата од нивна измена. Во останатите точки, цитираната одлука, останува неизменета. Со цел кандидатите на Конкурсот да не бидат оштетени поради измените на Одлуката, Конкурсната документација и Пријавата, се продолжува рокот за поднесување на пријавите, односно рокот за поднесување на пријавите од 65 (шеесетипет) дена се менува во 90 (деведесет) дена.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 1 и член 20 став 1 алинеја 10[4] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18), а во врска со Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18) и Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво УП 1 бр.08-527 од 23.11.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 3-та седница, одржана на 25.1.2019 година, донесе Одлука како во диспозитивот. Одлуката да се објави во „Службен весник на Република Македонија“, на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, која влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”. За донесувањето на оваа одлука да се известат кандидатите на Конкурсот кои уплатиле надоместок за Конкурсна документација.

| | |
|---|---|
| УП 1 Бр. 08-527<br>25 јануари 2019 година<br>Скопје | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,<br>Претседател на Советот,<br>**Лазо Петрушевски,** с.р. |

[2] „Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на државно ниво“, наш бр.03-4951/1 од 12.11.2018 година, објавена е на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 12.11.2018 година и достапна е на следниот линк: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Studija_MVision_AVMU_08.11.2018_FINAL.pdf

[3] Конкурсната документација за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво УП 1 бр.08-527 од 23.11.2018 година и Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво, се објавени на веб страницата на Агенцијата и достапни на следниот линк: http://avmu.mk/obrazec-na-prijava/

[4] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622
2019018